**Прв конститутивен состанок на членовите на Комисија за Управување со светско природно и културно наследство во Охридски регион**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр. 02-4748/1
14-06-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Датум: 22 мај 2024 година

Место: Министерство за животна средина и просторно планирање

Присутни:

Министерката за животна средина и просторно планирање Каја Шукова

Министерката за Култура Бисера Костадиновска-Стојчевска

Јасмина Петковска, Претседател на комисијата

Зоран Павлов, поранешен претседател на комисијата

Членови :

1. Мишко Тутковски - претходен член на оваа Комисија, во овој состав на предлог на НВО ИКОМОС Македонија, доктор на науки од областа на историја на уметност и археологија;
2. Ана Алексова Тутковска–на предлог на Управата на заштита на културно наследство, советник на билатерална и мултилатерална соработка;
3. Игор Мартиновски - дипломиран иженеир архитект номиниран од страната на општина Дебарца работам како раководител на урбанизам, прв пат сум во оваа комисија.
4. Кирил Илоски - дипломиран иженеир архитект доаѓам како претставник од општина Охрид, јас сум помошник раковидител на секторот за урбанизам.
5. Мирјана Топузовска - доаѓам од Националниот конзерваторски центар - Скопје, исто сум дипломиран инженер архитект, виш конзерватор.
6. Мишко Ралев - на предлог од националната комисија за УНЕСКО инаку сум професор, архитект, декан на американ колеџ на факултет за архитектура
7. Сања Рилковска - доктор на прави науки, раководител на одделние правни економски општи работи во Националниот Парк Галичица од каде сум номинирана како член во оваа комисија. Ова ми е втор мандат во комисијата и на вистина ми е чест што сум повторно тука присутна.
8. Крсте Блажевски - претседател на Хотам, здружение на хотелиери, во комисијата сум од почеток.
9. Сали Жаку - редовен професор на универзитет во Тетово
10. Натмир Неџипи - раководител на урбанизам во општина Струга, ова ми е втор мандат како член на комисијата.
11. Дарко Прензоски - претставник на Музејот д-р Никола Незлобински во Струга, ова ми е втор пат како член во комисијата.
12. Андовска Сандра – претставник од Национален Совет за одржлив развој, раководител на одделение во Кабинет на Вицепремиер за економски прашања при Влада на Република Северна Македонија
13. Влатко Трпески - раководител на сектор за природа во управа за животна средина, во министерство за животна средина и просторно планирање.
14. Иван Муцунски е администртивна поддршка за оваа седница, работи во МЖСПП како експерт од Француската амбасада.

Седницата започна со воведни обраќања на Министерката за животна средина и просторно планирање, г-а Каја Шукова и Министерката за култура, г-а Бисера Костадиновска Стојчевска.

**Мин. Каја Шукова**

„Министерството за животна средина и просторно планирање, од почетокот на своето постоење, има важна улога на заштитник на исклучителната универзална вредност на Охридскиот регион и зачувување на интегритетот на најстарото и најбогато со биолошка разновидност езеро во Европа. Министерството во континуитет имплементира конкретни активности во делот на заштита на природата што е, исто така, важно како и заштитата на културното наследство.

Ќе продолжиме, секако во таа насоказаедно со сите луѓеи институции кои се вклучени во работата на комисијата. МЖСПП години наназад беше вклучено во работа и е важен дел секако од заштита на Охридскиот регион во делот на природното наследство, непомалку и неповеќе важно од културното наследство коишто мораме зеаднички да ги заштитиме ако сакаме да го задржиме статусот на УНЕСКО." – истакна Министерката Шукова.

Имајќи предвид дека во изминатиот период Министерството за култура сметано од денот на именување на првата комисја за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, ги вршеше стручните и административните работи за Комисијата, како и дека исплатата на надоместоците за претседателот, замениците на претседателот и членовите на Комисијата се вршеше со средства обезбедени во Буџетот на Министерството за култура, во насока на доследна примена на Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, во следниот период од ________________ , Министерството за животна средина и просторно планирање ќе ги врши стручните и административнните работи за потребите на Комисијата и од средства обезбедени во буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање ќе се врши исплатата на надоместоците на претседателот, замеников претседателот и членовите на Комисијата.

**Мин. Бисера Костадиновска-Стојчевска**

„Благодарам Каја, добар ден на сите. Дозволете ми од мое име, од име на Националната комисија за УНЕСКО со којајас по функција председавам уште малку, и од име на Министерството за Култура да ви го честитам мандатот, да ви посакам среќа а и да ви пожелам успешна работа во наредниов три годишен мандат. Мене ми е многу драго дека денес се среќаваме сите со вас и дека тука сите со нас е и Зоран да ни го пренеси малку неговото искуство и онака да поразговараме пред да го започнете вашиот мандат. Ние како министерсво за култура 6 години претседававме со оваа комисија и морам да кажам дека за овој период Комисијата ја извршуваше најтешката задача, зачувување на посебната универзална вредност на Охридскиот регион на 45тата седница на Комитетот за Светско наследсво на УНЕСКО во Ријад, Саудиска Арабија."

Министерката Костадиновска – Стојчевска даде осврт на работата и предизвивиците поврзани со работата на Комисијата во изминатите два мандати, кога Министерството за култура, согласно законот, имаше улога на претседавач со истата.

Истакна дека од особено значење е соработката на институциите и членовите во Комисијата како нивни поретставници, како и стручниот тим кој треба да биде стожер на кој ќе се потпираат Мислењата на Комисијата. Порача дека стручниот тим би требало да го назначи

новиот Министер за животна средина, бидејки тој/таа ќе биде новиот член на Националната Комисија за УНЕСКО, а согласно член 10, став 4 од Закон за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион.

Ги наведе донесените документи за време на претходните два мандати на Комисијата и претседавањето од страна на Министерство за култура се следниве: Планот за управување за светско природно и културно наследство на Охридскиот регион и Стратегискиот план за рехабилитација на светско природно и културно наследство на Охридскиот регион.

Во владина процедура се нов нацрт Законот за управување со Охридскиот регион којшто треба да влезе во собраниска процедура многу брзо(поднесен од Министерство за култура), иизмена на Законот за старо градско јадро, како и Законот за заштита на културно наследсвто, генералниот кој веќе е во завршна фаза.

Препорача работење со храброст и одлучност на големиот број барања, како и препорака за туристички експерт за да помогне во изработка на стратегија за развој на региони кои се под заштита како пто е Охридскиот регион.

Го честиташе изборот на новиот состав на Комисијата и им посака успешна работа.

**Јасмина Петковска**

Се заблагодари на поддршката на Министерките, како и за досегашната работа на претходните состави на Комисијата.

Имајки предвид дека поголемиот дел од членовите на сегашниот состав се за прв пат ангажирани во работата на Комисијата, како и за прв пат ангажирани во заштита на Охридскиот регион како светско природно и културно наследство, им се претстави на ауиториумот и даде насоки и првични видувања за работата на Комисијата во улога на Претседател на истата.

Предложената Агенда се стави на гласање и прифакање, по што претседателката им даде збор на Директорот на управата за културно наследство, досегашен Претседател на Комисијата во претходните два мандати, г-н Зоран Павлов и г-н Влатко Трпески, раководител на сектор зз природа, член на Комисијата од Управата за животна средина, да дадат осврт на досегашната работа на Комисијата и детална презентација за природното наследство на Охридскиот регион, соодветно.

**Зоран Павлов**

Следејки ја работата на Комисијата од нејзиното формирање, истакна дека предизвиците со кои се соочувал се комплексни и сензитивни.

Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион за прв пат е основана со  Решение бр. 24-11421/1 од од 23.01.2018 година.

За време на мандатот на првиот состав на Комисијата (јануари 2018 - јануари 2021), има одржани се 17 седници на кои се пристигнати и разгледани вкупно 168 предмети.

Вториот состав на Комисјата е именуван со Решение на Владата на Република Македонија бр. 14-3323/4 од 16 февруари 2021 година („Службен весник на РМ“ бр. 71/21).

За време на на мандатот на  вториот состав на Комисијата во периодот април 2021 - август 2023 (мандатот истече во март 2024 година), Комисијата има одржано 32 седници, пристигнати  и разгледани се вкупно 265 предмети, што укажува на зголемениот обем на работа и

одговорност која ја има Комисијата за управување, а тоа покажува дека веќе комисијата има свој статус и има свое место во општеството во вршувањето на проблемите со Охридскиот регион.

Барања за мислења за урбанистичките планови доминираат, многумина сметат дека тоа е за архитекти ама тоа е сосема погрешно. Урбанистичките планови го решаваат сите - од обичниот граѓанин до најпрофилираниот стручен кадар, имајки предвид дека природното и културно наследство се уставна категорија и токму за сите треба да бидеме вклучени во дефинирањете на урбанистичките планови, во инвестицискиот урбанизам.

За тоа е оваа комисија која треба да се обиде да застане на патот на дивењето со урбанизам, прекудискусија и консензус на членовите на комисијата и усогласеност на планови. Комисијата има право да сугерира, согласно локацијата, да тие вредности да бидат намалени, имајки ја предвид перспективата на заштита на исклучителна универзална вредност на Охридскиот регион. Во таа насока, со помош на националната комисија за УНЕСКО е преведен водичот за оценка на влијање на природното и културно наследство којштo е заеднички публикуван со главните тела на УНЕСКО и комисија IUCN и преведен на македонски јазик. Друга алатка е и оперативниот водич за имплементација на конвенцијата на заштита на светско наследство, каде што се дадени многу јасни параметри коишто комисијата треба да ги има предвид при решавањето на предметите. Во таа насока тука, сите членови треба да го потпишаат Кодексот за етичко однесување, документ кој се однесува на именувани лица како што е случајот со членовите на Комисијата.

„Комисијата не е тука да ги решава урбанистичките пребломи на планерите и да го штити природното и културното наследство што значи треба познавачи на вредности, а не урбанистички планери кои што само знаат по нарачка да прават планови, треба точно да ги знаат правилата на светско наследство. За тоа комисијата е комплексна и мора од сите области заеднички да решаваат. Не може урбанизмот да биде главен, а природата втора. Треба да бидат познавачи на параметрите што е светско наследство и како тоа треба да се чува." – истакна Павлов.

Изрази задоволство за превземањето на претседавањето со Комисијата од страна на МЖСПП и изрази спремност за асистенција од страна на Министерство за култура и лично тој како претходен претседател на Комисијата. Ја истакна важноста на стручниот тим, кој согласно Член 10, став 4 од Законот за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион треба да се констатира и е од особена важност за функционалноста на Комисијата. ,

Посака успешна работа и се надеж дека ќе се продолжи со заштита на Охридскиот регион како светско природно и културно наследство на ниво кое што го заслужува.

**Влатко Трпески**

Презентација на природните вредности на Охридскиот регион и актуелна состојба на заштита и активности (во прилог ППП).

**Јасмина Петковска**

Продолжи со Дневниот ред - претставување на присутните членови од Комисијата и констатираше дека недостасуваат номинации на членовиод Институт по биологија, Природно-математички факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј и НВО во делот на заштита на природно наследсво на Охридски регион.

Согласно Решението, претставник на ХОТАМ е г-а Славица Гашоска. Присутниот претставник од ХОТАМ беше г-н Крсте Блажевски, кој тврдеше дека легитимниот претставник на ХОТАМ е тој, дека се пратени неколку дописи до Министерство за култура дека тој е предложен член на Комисијата од страна на ХОТАМ.

Претставничката од Министерство за култура не беше присутна, како би можело да се даде осврт на културното наследство на Охридскиот регион.

Претставници без право на глас имаат право да присуствуваат и од грашанскиот сектор и од Министерство за транспорт и врски, а со цел поголема транспарентност и соработка при работата на Комисијата.

Деловникот за работа – нацрт текст беше циркулиран по емаил на увид на членовите на Комисијата. Г-а Алексова Тутковска беше единствена која имаше доставено конкретни предлози и забелешки по однос на текстот на Деловникот.

**Мишко Ралев**

„Охридскиот регион, особено културното наследство на градот Охрид, сметам дека не може да биде третирано како било некој град. Значи треба Охрид и Струга да бидаат третирано на некој друг начин, за тоа е оваа комисија и треба да има поддршка од тим кој би бил различен.

За тоа јас прашав дали можеме да влијаеме на составот на стручниот тим, односно предлог, например јас сум претседател на асосијација на архитекти, и можеме да предложиме еден член во комисијата."

**ЗАКЛУЧОЦИ:**

1. Да се докомпетираат номинациите за членови на Комисијата (од Институт по биологија, Природно-математички факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј и НВО во делот на заштита на природно наследсво на Охридски регион);
2. Уште еднаш да се циркулира предлог текстот на Деловникот за работа на Комисијата за дополнителни евентуални забелешки и предлози;
3. Да се достават предлози за формирање на стручниот тим од Асоцијација на архитекти на Република Северна Македонија и од Комора на овластени архитекти ;
4. Да се формира посебна емаил адреса која ќе биде исклучиво за потребите за работа на Комисијата;
5. Со новиот Министер/ка да се формира стручен тим и административно техничка поддршка;
6. Со новиот Министер/ка да се дефинира Решение за надоместок за претседателот, заменик претседателот и членовите на Комисијата;
7. Сите членови на Комисијата, вклучувајки ги и претстедателот и заменик претседателот да потпишат Изјава за прифаќање на Кодекс за етичко однесување на членовите на Владата и носители на јавни функции 9 на следната седница на Комисијата).

**Јасмина Петковска**

**Претседател на Комисија за управување на светско природно и културно наследство на Охридски регион**